**ЗАПИСНИК**
**од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 10.01.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен)

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Луција Ѓурковиќ, Огнен Неделковски, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 1 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски објасни дека г-дин Трајчев пред два дена по работното време го информирал дека на денешниот датум ќе користи зимски одмор и од таа причина ќе биде отсутен на седницата. Во однос на предложениот Дневен ред објасни дека пред седницата пристигна уште една информација од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија која ќе биде составен дел на Точка 6 - Информација во врска со претставка проследена од Владата на Република Македонија (бр.03-29/1 од 04.01.2019 година). Појасни дека се однесува на истата тема, но со мала разлика во содржината.

Г-дин Фиданоски во врска со предложениот Дневен ред рече дека пред два дена стапија во сила предлог измените на ЗААВМУ според којшто Советот на Агенцијата работи. Со оглед на тоа дека има измени во член 23 од основниот Закон, односно ингеренциите за изрекување на мерки се префрлаат во надлежност на Советот, побара мислење за тоа дали Точката 3 - Предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола за радио емитување треба да се пролонгира или по неа може да се расправа на оваа седница. Бидејќи во став 1 алинеја 3 – одземање на дозвола на радиодифузер, е наведено дека Советот е должен да обезбеди јавна седница на која претставник на медиумот ќе ги образложи и аргументира постапките и причините за постапување на медиумот, побара мислење дали вака како што е предложена точката може да ја разгледаат и дебатираат или има потреба од нејзино пролонгирање.

Г-дин Петрушевски рече дека одлуките и мерките по новиот Закон ги носи Советот, но како предлагач повторно се јавува директорот. Во однос на забелешката од г-дин Фиданоски го повика директорот да даде објаснување.

Г-дин Трајчевски одговори дека разговарале за овој случај. Појасни дека сега на седницата се започнува постапка и кога повторно ќе се спроведе надзор, станува збор за спроведување надзор на програмски концепт, и кога ќе има конкретна состојба дали ќе се одземе дозволата или не, се планира да се одржи јавна седница. Сега по покренување на постапката, радиодифузерот ќе има 15 дена рок да го усогласи работењето со Законот.

Г-дин Фиданоски рече дека од искажувањето на директорот г-дин Трајчевски може да заклучи дека нема причина на седницата оваа точка во предложената форма да се одложи.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе мора некои работи во наредните неколку месеци да се решаваат во од, точка по точка затоа што Законот не ги предвидува сите можности. Предложи на оваа тема да разговараат во наредниот период бидејќи сега не се подготвени, но сепак ќе бидат многу внимателни.

Г-дин Фиданоски побара кратка пауза.

Г-дин Петрушевски по кратката пауза, предложениот Дневен ред го стави на гласање.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог-записник од 48-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.12.2018 година.
2. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за период од 01.10.2018 до 31.12.2018 година.
3. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола за радио емитување.
4. Предлог-решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување.
5. Предлог-информација до органот надлежен за авторските права и сродните права.
6. Информација во врска со претставка проследена од Владата на Република Македонија (бр.03-29/1 од 04.01.2019 година).
7. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка-услуга од Агенција за привремени вработувања.
8. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка-услуга: авионски билети.
9. Предлог-одлука за набавка на услуга од мала вредност: сервисирање на кафемати.
10. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 48-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.12.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за период од 01.10.2018 до 31.12.2018 година, објасни дека до Советот се доставени како информација со можност за дискусија, иако Советот не носи никаква одлука. За ваквиот начин на работа Советот се договорил одамна и принципиелно работат како што се договориле. Во врска со кварталните извештаи рече дека во Извештајот за преземените активности на Агенцијата, стандардно се наведени многубројни активности кои го отсликуваат високото ниво на нејзиното работење во наведениот период.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар го образложи предлогот за покренување на постапка за одземање на дозвола за радио емитување. Објасни дека ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје во неколку наврати претходната година го прекрши Законот од аспект на она за што сега му се покренува постапка, односно поради прекршување на член 67 став 6 од ЗААВМУ, според кој радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела. На 11.06.2018 година првпат е констатирано дека тој не работи согласно Законот. По изречената мерка-опомена му беше наложено да го усогласи работењето. На 26.10.2018 година од страна на Агенцијата беше извршен контролен надзор и беше констатирана повторно повреда на член 67 став 6, со што беше поведена прекршочна постапка од кога се констатира дека радиодифузерот не го усогласил работењето и не дојде да ги потпише записниците за порамнување. На 06.12.2018 година беше испратен допис до ТРД РФМ да го усогласи работењето со Законот. Од 10 до 16 декември повторно беше спроведен надзор. На 04.01.2019 година беше извршен вонреден надзор и повторно беше констатирано дека не го почитува Законот. За деталите околу тоа што беше констатирано со надзорот и во кој дел не е усогласен со Законот, рече дека колегите од Секторот за програмски работи можат подетално да објаснат. Но, крајно сумирано, според наодите од надзорот врз исполнувањето на програмскиот концепт спроведен врз програмата емитувана во седмицата од 10 до 16 декември 2018 година, а имајќи ги предвид критериумите за надзор на програмскиот концепт утврдени во Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт, констатирано е дека ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје во рамки на својот програмски сервис, наместо најмалку 80% во текот на една недела, исполнуваше 55% од програмскиот концепт за кој му е доделена дозволата за радио емитување, што е спротивно на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Додаде дека сето ова многу детално е објаснето во материјалите и сите известувања со кои се замолува да ја усогласи работата и другите документи се составен дел на овој материјал.

Г-дин Петрушевски рече дека по покренување на постапката радиодифузерот ќе има уште една можност да го усогласи своето работење со Законот. Ова не е последната можност.

Г-дин Фиданоски рече дека го разгледал материјалот што е доставен по оваа точка и се согласува со г-ѓа Чакар дека е детален и од него се гледа дека радиодифузерот во голема мерка отстапувал од исполнување на програмскиот концепт по кој ја има добиено дозволата за работа. Неколку пати е опоменат по мониторинг од подолг временски период кој покажува дека не го исполнува форматот. Сега ќе има 15 дена да покаже дека има капацитет да се врати на тој програмски концепт. По истекот на рокот регулаторот ќе може да констатира дали радиодифузерот ги исполнува условите или оваа постапка ќе продолжи со завршница да се одземе дозволата.

Г-дин Фетаи рече дека е добро што на радиодифузерот во неколку наврати му е укажано на законските обврски во поглед на форматот што треба да го исполни. ТРД РФМ е значајно радио кое емитува програма од Radio France Internationale, од една пријателска земја и значајно е тоа да биде присутно кај слушателите. Но ако екипата на радиото не е во можност да ги исполнува обврските кои произлегуваат од дозволата и сето она што е предвидено со Законот, тогаш добро е што има законски уште 15 дена да го усогласи работењето. Советот и Агенцијата како регулатор најтешко се одлучуваат на крајната мерка. Кога ќе се исцрпат сите можни анализи и укажувања и навистина кога е невозможно тој субјект понатаму да опстојува тогаш пристапуваат кон крајната одлука. Фактички радиодифузерот со ваквите постапки се укинува самиот себе и можноста да опстојува на пазарот. Бидејќи разговараат за комерцијален, приватен медиум, нормално е дека ќе се гледа аспектот на можното финансирање, но доколку е во криза пазарот го прави своето. Сепак рече дека на следната седница ќе се види конечната одлука.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-18 од 08.01.2019 година, од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје бр.08-75 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а врз основа на член 82 став 1 алинеја 5 од истиот Закон, а по претходно доставено писмено известување, со текст како што беше предложен.

Доколку Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје не го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-75 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од напред цитираниот Закон.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече да се извести радиодифузерот бидејќи ова е сериозна мерка, да му се укаже дека рокот му тече за да се подготви да го усогласи работењето и да ја задржи дозволата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување. Објасни дека станува збор за радиодифузер кој веќе емитува програма преку сателит. Барањето беше да ја замени дозволата за емитување на програма преку ОЈЕКМ. Документацијата којашто ја достави беше некомплетна и повеќе пати од Агенцијата му беше укажувано да ги отстрани недоследностите, но во законски утврдениот рок тој тоа не го направи. Од таа причина се предлага да се отфрли барањето. Информира дека во текот на денешниот ден се оствари контакт со правниот застапник на радиодифузерот и во текот на утрешниот ден ќе има состанок. Се надева дека во наредниот период правниот застапник ќе постапи по укажувањата на Агенцијата и на некоја од наредните седници ќе има документација којашто е во согласност со Законот и Советот ќе може да донесе одлука за да му се издаде дозвола за телевизиско емитување преку ОЈЕКМ.

Г-дин Петрушевски рече дека секогаш во случаи кога има исправна документација Советот ги одобрувал барањата. Очекува и овој пат да биде така. Радиодифузерот мора да се потруди, Стручната служба пробала да му помогне неколку пати но тој не успеал во намерата да обезбеди правна документација. Објасни дека сопственикот има двојно државјанство, има државјанство на Република Македонија и живее во градот Прилеп и има државјанство од САД ,но моментално е отсутен и тоа е некое оправдување што не успеал да ги обезбеди сите документи. Се надева дека следниот пат ќе најдат начин тоа да го решат.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-528 од 08.01.2019 година, од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно донесе Решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, УП1 бр.08-528 од 21.11.2018 година, со дополнување на Барањето УП1 бр.08-528 од 07.12.2018 година и УП1 бр.08-528 од 19.12.2018 година, поради тоа што истото е нецелосно, односно не е уредно пополнето и не ги содржи сите податоци кои се предвидени во член 76 ставови 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18), со текст како што беше предложен.

Се задолжи Секторот за правни работи горенаведеното Решение да го достави до Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, подносител на барањето.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-информацијата до органот надлежен за авторските права и сродните права. Објасни дека на официјалната имеил адреса на Агенцијата пристигна пријава и исто така на неговиот мобилен телефон добил неколку пораки од одредено лице дека странски радиодифузер Балкан Мјузик којшто има добиено дозвола од Република Бугарија се реемитува во Република Македонија од

страна на Македонски Телеком кој наводно програмата ја менувал или нешто друго бидејќи не може се`уште да разбере од тоа што го пријавиле, односно во Република Македонија не е оној сигнал којшто се емитува на територијата на Република Бугарија. Објасни дека Агенцијата не е во можност тоа да го провери и од таа причина надлежен орган за авторските права е МВР и пријавата се препраќа до нив да ги провери наводите. Во пријавата се наведени точно одредени лица кои наводно го прават тоа прекршување на Законот. Дали тоа е така или не, не може Агенцијата да знае, бидејќи нема ниту надлежност ниту капацитет тоа да го провери.

Г-дин Фиданоски како дополнување рече дека е претплатник на МахТВ на Телеком и тој канал го има во нивната понуда. Ова го кажува како информација за да ја сподели јавно, а со останатото се согласува Агенцијата да постапи по стандардната процедура, да ја препрати пријавата до надлежниот орган за да го испита случајот.

Г-дин Петрушевски рече дека Агенцијата не постапува надвор од нејзините надлежности и тоа и ги препушта на МВР за да го испита случајот. Верува дека Телеком има добра правна служба, очекува дека е во ред но сепак нека се провери претставката бидејќи Агенцијата реагира по секоја поднесена официјална или анонимна претставка, должност е на Агенцијата да реагира.

Советот на Агенцијата ја прифати приложената Информација бр.08-19 од 08.01.2019 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски работи и едногласно донесе Заклучок да го информира Министерството за внатрешни работи на Република Македонија-Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал за доставената претставка во врска со преносот на програмскиот сервис „Балкан Мјузик" ДООЕЛ од Република Бугарија, со текст како што беше предложен.

Се задолжи Секторот за Секторот за стратешко планирање и авторски права Информацијата да ја достави до Министерството за внатрешни работи на Република Македонија- Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал

**Точка 6**

Г-дин Петрушевски во однос на Информацијата во врска со претставка проследена од Владата на Република Македонија (бр.03-29/1 од 04.01.2019 година), рече дека како што видел од материјалот има допис од кабинетот на Претседателот на Владата, а подоцна во истиот материјал добиле слична претставка од Генералниот секретар на Владата на РМ.

Г-дин Трајчевски објасни дека станува збор за истата претставка која што ја разгледуваше Советот во месец декември 2018 година, од правниот застапник на ТВ 24 Вести. Сега дополнително се бара Советот да го преиспита донесувањето на подзаконскиот акт со кој се утврдува мерењето на гледаноста. Објасни дека претставката е доставена во прилог на материјалот. За подзаконскиот акт кој е донесен од страна на Советот рече дека е спроведен согласно најдобрите пракси во Европа и во светот и не гледа никаква причина да се врши промена на подзаконскиот акт, бидејќи како што кажал е во целосна согласност со најдобрите пракси и регулативата во земјите членки на ЕУ. Членовите на Советот можеби имаат свое видување и можат да одлучат во однос на претставката што е поднесена. Рече дека АААВМУ е независно регулаторно тело и несвојствено е од Владата на РМ да добива

насоки како да постапи Советот и затоа ова го смета како еден вид сериозен притисок врз работењето на регулаторот.

Г-дин Фиданоски рече дека се согласува дека не е потребно Владата да упатува и проследува повторување за нешто што веќе Советот се произнесе. Ова го смета за еден вид непринципиелен притисок врз работата на регулаторот затоа што за оваа точка Советот претходно, пред околу еден месец веќе дебатираше. Од она што го гледа од денешната информација со заклучоците, се бара да се иницира заеднички состанок со претставници на ТРД 24 Вести и со претставниците на Комитетот. Се сеќава дека во таква насока имал и прашање и дискусија минатиот пат, дека е добро заеднички да седнат и да се расчистат тие недоумици и недоразбирања поврзани со ова прашање. И токму поради тоа што веќе се расправаше по ова прашање, за него постои дилема и нејасност зошто има потреба повторно да заклучуваат дека Агенцијата по ова прашање според Законот ги има спроведено сите постапки. Ова го имаше на една од претходните седници, и токму со тие зборови е заклучокот од минатата седница. Според негово мислење нема потреба да се повторува тој заклучок затоа што станува збор за нешто што зборувале пред помалку од еден месец.

Г-дин Трајчевски рече дека ако Владата или било кој државен орган добијат претставка за којашто не се надлежни должни се да ја информираат Агенцијата. Во овој случај добиени се две пропратни писма од Владата, една од Шеф на кабинет на Претседателот на Влада и второто од Генералниот секретар на Владата. Писмото од Генералниот секретар на Владата е класично проследување на претставка без насоки како да одлучува Советот. Писмото од Шеф на кабинет на Претседателот на Влада е со конкретни инструкции каква адекватна одлука треба да донесе Советот. Претставката треба да биде проследена од државниот орган, но притоа без да се насочува каква треба да биде одлуката. Во самото барање од претставката не станува збор сега дека начинот на избор на Агенцијата за мерење на гледаноста не било во согласност со Законот туку да се преиспита начинот на донесување на Упатството. Тука има мала игра на зборови и затоа заклучокот е дека Упатството е донесено во согласност со ЗААВМУ и да се иницира повторно средба со цел да не се повторуваат вакви претставки во краток временски период и да се одзема енергија и време кога може проблемот да се надмине на состанок помеѓу засегнатите страни. Потсети дека тој како директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги барал да има таков состанок меѓутоа беше одбиен од страна на ТВ 24 Вести да биде заеднички со претставниците на ЏИК-от. Се надева дека сега ако се согласи Советот да се упати покана, состанокот ќе се реализира и сите засегнати страни ќе присуствуваат.

Г-дин Фиданоски рече дека тој е поборник за тоа дека треба да се седне и да се разговара и ќе го поздрави секој таков одржан состанок. Повтори дека без разлика што е игра на зборови, ако се погледне минатиот заклучок ќе се увиди дека сите активности што ги има преземено Агенцијата за формирањето се во согласност со Законот. Тој заклучок ги опфаќа сите работи. Фигуративно речено се чувствува како да се во училиште и тоа мора да го повторат уште еднаш и уште еднаш и притоа не е поминат подолг временски период за да се реафирмира. Од тие причини смета дека нема потреба од носење уште еднаш на таков заклучок, но се согласува и ќе го поддржи секој одржан заеднички состанок со цел да нема вакви недоумици во иднина.

Г-дин Петрушевски рече дека има логика ова што го предложил г-дин Фиданоски. Советот веќе нема да носи нов заклучок, ќе остане на истиот но

заедничкиот состанок е неопходен и тоа е правиот начин како да се реши проблемот, незадоволството на ТВ 24 Вести во однос на работењето на Комитетот. Мора да се седне и сите заинтересирани страни да разговараат.

Г-дин Фетаи рече дека Советот многу детално и по втор пат ја разгледува оваа точка. Има доволно материјали и двапати укажување и од Владата и од ТВ 24 Вести. Очигледно е дека тие нешто сакаат да постигнат, но Советот на минатата седница одржана на 12.12.2018 година се согласил дека е испочитуван Законот и подзаконските акти во поглед на мерење на гледаноста што одредените субјекти го имаат формирано. Бидејќи се сериозни и упорни од многу страни ги напаѓаат, се согласува со предлогот, директорот да ги повика сите засегнати страни. Смета дека зад сето ова стојат и финансиски импликации, тие се средства кои се предвидени според Закон според кој се финансира ова тело и не би сакал Советот да погреши. На седницата одржана на 12.12.2018 година заклучено е дека е постапено според Законот. Доколку ТВ 24 Вести не доаѓа на тие состаноци тогаш ќе бидат несериозни во смисла дека не може да иницира нешто а при тоа да не ги исцрпи сите можни варијанти, разговори, договори, за да се дојде до едно реално решение. Не ја исклучува можноста Законот да не ги предвидел сите можни позиции или нечии интереси, но тоа треба да се констатира и да се предложи друга законска одредба ако е тоа потребно. Но пред да се дојде до тоа потребно е да се видат сите можни опции кои се во оваа насока. Би било добро на некој консултативен состанок или информативен тие да ги образложат нивните позиции, имаат ангажирано и адвокат, иницирале и до Владата. Она што го кажал директорот, а тоа го има и во материјалите, ТВ 24 Вести биле повикани на состанок но не присуствувале.

Г-дин Трајчевски накратко ја прекина дискусијата на г-дин Фетаи и објасни дека ТВ 24 Вести дошле сами затоа што не сакале заеднички состанок со претставници на ЏИК-от.

Г-дин Фетаи рече дека тоа не е во ред ако целата работа се ориентира кон незаконското работење на ЏИК-от. Заеднички треба да се видат елементите што тие сметаат дека би требало да се променат. Нормално ништо не е совршено и може да се доусовршува, но реално треба да се констатира дали постојат законски основи. Го поддржува предлогот да се одржи состанок сите заедно и директорот да ги соочи со сите можни аргументи кои се изнесени од сите страни. Останува на позицијата дека Советот постапил според Законот.

Г-дин Трајчевски рече дека покрај дописите што ги праќаше ТВ 24 Вести до Агенцијата, два пати инспекциски надзор правеше Управниот инспекторат. ТВ 24 Вести имаат поднесено барање до Комисија за заштита од дискриминација и до Комисија за заштита од конкуренција. Од Управниот инспекторат и од Комисија за заштита од дискриминација им се отфрлени барањата. Со Комисија за заштита од конкуренција имале заеднички состанок со претседателот на Советот и се`уште нема информација како одлучиле, но имаат поведено иницијатива за оценување на уставноста на подзаконскиот акт до Уставен суд. Ако евентуално Уставен суд процени дека има елементи тогаш Советот ќе постапува. Во ваква ситуација нема друг надлежен орган што може да каже дека подзаконскиот акт не е во согласност со Законот. Доколку има одлука на Уставен суд, тогаш ќе се постапи согласно одлуката.

Г-дин Петрушевски рече дека во член 6 став 2 на којшто се повикуваат повеќето од нив, пишува дека начинот на мерење на гледаност и слушаност на програмите

односно на програмските сервиси на радиодифузерите од Република Македонија го пропишува Агенцијата, тоа Советот го направи со Упатството. Претходните денови уште еднаш целосно го прочитал Упатството и направил и додатни истражувања на интернет како е во другите земји во Европа и светот и навистина не нашол друго решение освен она што е пишано во Упатството. Три меѓународни фирми што ги прават овие работи се Кантар Медија, Нилсен Медија и ГФК најпознати во светот и тие држат повеќе од 90% од пазарот во светот од оваа дејност. Ако се погледне во Европа ќе се забележи дека сите држави работат на овој начин, или имаат Комитет на сопствениците на медиумите или на начин како Индустри Комити. Во овој случај присутни се Комитетот со медиумите и маркетинг агенциите. Ова е најоптимално решение ако се земе предвид со колку малку зборови во Законот е опишано како ова треба да се реализира. Ако нешто сакаат да се смени треба да иницираат промени во Законот за да се допрецизира. Рече дека може да им препорача да се укине комплет и ова да се остави на самата индустрија да си го организира како што беше порано.

Г-дин Фиданоски рече дека е точно тоа што го кажал г-дин Трајчевски дека ако Уставниот суд оцени дека нешто не е во согласност со Уставот, тој ќе го укине и Советот треба да донесе ново Упатство. Негов личен став, бидејќи е спомнато и провејува низ материјалите, е дека не е добра пракса во светот Агенцијата да врши мерења на гледаноста. Добра пракса во светот е овластена агенција тоа професионално да го прави, што значи дека ова законско решение можеби во иднина има потреба да подлежи на промени.

Г-дин Петрушевски рече дека сите се со слично мислење и дека ова што го прави Агенцијата е максимум. Реално таа е вклучена од крајот на 2014 и до крајот на 2018 година. Се повикува на некое решение со мали притисоци како што кажал директорот, а сето ова можело да се каже одма, сите имале шанса и биле повикани, зошто сега ова се прави, останува на нив. Во однос на заклучокот, рече дека веќе ја прифатил сугестијата на г-дин Фиданоски, така и одеше во дискусијата на седницата. Предложи Советот на Агенцијата да заземе став за да се иницира заеднички состанок со претставници од ТРД 24 Вести ДООЕЛ од Штип, Стопанската интересна заедница КОМИТЕТ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПУБЛИКАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Скопје и на истражувачката агенција избрана за вршење мерење на телевизиската публика – НИЕЛСЕН, за да се разјасни незадоволството на ТВ 24 Вести од работата на Комитетот а можеби и од Упатството на Агенцијата.

Советот на Агенцијата ја разгледа Информација бр.03-29/2 од 08.01.2019 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски работи и едногласно зазема став да иницира заеднички состанок со претставници од ТРД 24 Вести ДООЕЛ од Штип, Стопанската интересна заедница КОМИТЕТ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПУБЛИКАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Скопје и на истражувачката агенција избрана за вршење мерење на телевизиската публика – НИЕЛСЕН.

**Точка 7**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка-услуга од Агенција за привремени вработувања. Бидејќи проценетата вредност на набавката е над 130.000 евра изразени во денарска противвредност, Агенцијата ќе биде обврзана да спроведе

и технички дијалог кој треба да се спроведе по донесување на одлуката за потреба и пред објавување на огласот за оваа набавка. Во однос на предлог-одлуката која е доставена во материјалите, во точка 6 каде се наведени членовите на комисијата ќе настане одредена промена: претседател на Комисијата ќе биде Ивана Стојановска со заменик Луција Ѓурковиќ, член Калина Стојановска со заменик Ивона Муфушева и Александар Џуваревиќ со заменик Симе Златески. Објасни дека последните двајца колеги се обврзани да бидат членови на комисија бидејќи мора да има член кој има положено испити од областа на јавните набавки со оглед на проценетата вредност.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-53/3 од 08.01.2019 година, од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно даде одобрение за спроведување на постапката за јавна набавка на услуга од агенција за привремени вработувања/приватна агенција за вработување, со текст како што беше предложен.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: од агенција за привремени вработувања/приватна агенција за вработување, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

**Точка 8**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка-услуга: авионски билети.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-41/3 од 08.01.2019 година, од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно даде одобрение за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: авионски билети, со текст како што беше предложен.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: авионски билети, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

**Точка 9**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-17/2 од 08.01.2019 година, од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука за набавка од мала вредност на услугата-сервисирање на кафемати во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во износ кој нема да надмине 30.500,00 денари, без вклучен ДДВ, на годишно ниво, согласно понудата бр.05-37/1 од 04.01.2019 година, доставена од страна на Друштвото за трговија и услуги ПРОМОСТИЛ ДООЕЛ Скопје .

**Точка 10**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-39/9**
**23.01 2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**